**АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА**
**С К О П Ј Е**
**Одбор на директори на АД**

ОДГОВОРИ НА ПОСТАВЕНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ ОД 21.11.2018 ГОДИНА

На седницата на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, одржана на ден 21.11.2018 година беа поставени прашања од акционери за кои им беше кажано дека одговорите ќе бидат објавени на интернет страницата на Друштвото.

**Прашање од акционер:**
Зошто искажаната книговодствената вредност на уделот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи изнесува 102.492.824,00 денари , а вредноста на уделот запишана во трговскиот регистар изнесува 303.000 евра?

**Одговор:**

На ова прашање беше даден одговор на самата седница на Собранието на акционери во неколку наврати и тоа од страна на Вељковиќ Татјана, неизвршен член на Одборот на директори и од страна на ревизорот Ненад Ранѓеловиќ, а кој е содржан во Записникот од седницата на Собранието ОДУ бр.737/18 од 21.11.2018 година, објавен на интернет страницата на Друштвото.

**Прашање од акционер:**
Со кој имот располага Акционерското друштво?

**Одговор:**
Заклучно со 31.12.2017 година, имотот на Акционерското друштво , го сочинуваат:

-Вложувањата на Акционерското друштво во удели во Друштва со ограничена одговорност;
-Вложувања на Акционерското друштво во хартии од вредност;
-Деловен објект во сопственост на Друштвото и земјиште во сосопственост на Друштвото со ДОО РИ Енергетика-Скопје.
Наведените ставки од имотот на Акционерското друштво се детално разработени и подробно обелоденети во ревидираниот финансиски извештај на Друштвото за деловната 2017 година, кој беше предмет на разгледување и одлучување на Собранието на акционери од 21.11.2018 година.

**<u>Прашање од акционер:</u>**
Дали акционерите ќе бидат оштетени од евентуални тужби кои можат да бидат поднесени поради направената измена на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2017 година, од акционери кои ги продале акциите пред да се изврши измената и кој ќе сноси одговорност ?

**<u>Одговор:</u>**

Сите акционери уште во месец мај 2018 година кога беше закажано Собранието на акционери за 20.06.2018 година **<u>беа известени од страна на Одборот на директори</u>** во објавениот Годишен Извештај за работењето на друштвото од месец март 2018 година, објавен на интернет страната на друштвото и достапен во Архивата на друштвото и тоа во делот на судски спорови-постапки **<u>на следниот начин:</u>**
*"Судски спор заведен по Тужба за истапување на АД како содружник од ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи-Скопје, согласно член 207 став 2 од од ЗТД, кој е правосилно завршен со пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ бр. 1736/17 од 07.декември 2017 година, со која се утврдува дека АД Раде Кончар-Апаратна техника истапува како содружник од ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи при што ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи се задолжува да му ја исплати пазарната вредност на уделот на АД Раде Кончар-Апаратна техника во износ од 189.662.518,00 денари како и да исплати камата од 30.09.2014 година до конечна наплата, процесни трошоци во износ од 836.000 денари и судски трошоци од 96.000 денари.*
*До изготвување на овој Извештај не е исплатен наведениот износ од страна на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи."*
Ова беше констатирано и во Записникот од седницата на Собранието на акционери од 20.08.2018 година ОДУ бр.588/18, објавен на Интернет страната на Друштвото.

На седницата на Собранието на акционери одржана на ден 20.08.2018 година од страна на акционерите на Друштвото со 96702 гласа "ЗА", 28 306 гласа "ПРОТИВ и 64275 гласа "ВОЗДРЖАН", беше донесена следната

**О Д Л У К А**

**1)** СЕ ПРИФАЌА Предлогот на акционерите да се одложат точките од дневниот ред за седницата закажана со Јавниот повик за ден 15.08.2018 година, кои се однесуваат на годишната сметка за деловната 2017 година, финансиските извештаи за 2017 година како и распределбата на добивката и исплатата на дивиденда, **<u>за да Одборот на директори изврши корекција на истите со цел да износот од 189.662.518,00 денари,</u>** добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2018 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, **<u>се прикаже како приход во деловната 2017 година,</u>** па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар.

**2)** СЕ ОВЛАСТУВА Одборот на директори да изврши корекција на Годишната сметка за 2017 година како и корекција на финансиските извештаи за 2017 година со тоа што износот од

**189.662.518,00 денари,** како што е утврдено во став 1 од оваа Одлука, **се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно Законските прописи и меѓународните сметководствени стандарди да се утврди добивката и сето ова да биде потврдено од овластениот ревизор,** како и да се утврди распределбата на добивката согласно Законот и Статутот и исплата на дивиденда со точно утврден износ по акција и дивиденден календар, па истите како предлог да се доставаат на наредно свикано собрание .
**-Од остварената добивка по законските и статутарните издвојувања целокупниот преостанат износ да се подели на акционерите како дивиденда.**

Од тука јасно произлегува дека акционерите кои евентуално ги продале акциите пред да се изврши корекцијата на годишната сметка го сториле тоа по своја волја иако биле известени дека се очекуваат приходи од судскиот спор од истапувањето па од тука неможе да стане збор за било каква претрпена штета затоа што самите акционери одлучиле да се доведат во ситуација да ги продадат акциите.
Ова значи дека нема основ за постоење на било каква штета ниту било каква одговорност, затоа што Собранието на акционери донело одлука за корекција на годишната сметка и го овластила Одборот на директори да ја спроведе.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ